Project Naturalistic Teaching



МОДУЛ 1

# Процес на поучување во природна средина

Project Naturalistic Teaching



# Процес на поучување во природна средина

# СОДРЖИНА

Процес на поучување во природна средина ............................................ 1

Карактеристики на поучувањето во природна средина ............................ 4

1.Следење на водството и интересот на детето ...................................... 6

2.Користење на рутини, активности и транзиции помеѓу полињата за 9

учење како наставна средина ............................................................... 21

3.Активности, предмети и играчки како природни поттикнувачи .............

4.Генерализација: Поучување во различни средини, различни ситуации и

со различни лица ........................................................................................ 24

Поучување во природна средина: трите прашални збора ......................... 26

1.Што? ............................................................................................................ 27

2.Каде? ............................................................................................................ 30

3. Како? ........................................................................................................... 32

План за поучување во природна средина (ППС) .................................... 33

# Процес на поучување во природна средина

Поучувањето во природна средина се дефинира како процес кој му помага на детето да ги постигне целите поставени за него преку нивното смисловно вградување во секојдневната рутина и активностите на детето. Со други зборови, поучувањето во природна средина претставува наставен процес кој им овозможува на сите помали деца – како на децата со попреченост или децата од ранливите категории, така и на децата со типичен развој - да стекнат вештини и да ги зајакнат стекнатите вештини во текот на нивниот секојдневен нормален живот (рутина, активности и времето поминато во транзиција, односно преод помеѓу училиштето, домашна средина и други природни средини).



## Процес на поучување во природна средина



Процесот на поучување во природна средина е процес кој може ефективно да се користи кај сите деца, со и без попреченост.



Процесот на поучување во природна средина се заснова на бихејвиоралниот пристап и пристапот на социјална интеракција, односно фокусот е ставен на однесувањето и социјалните односи на децата. Врската на поучувањето во природна средина со бихевиоралната теорија се огледа во користењето на стратегии и техники на наставата во природна средина за време, пред и по посакуваното однесување на детето, додека пристапот на социјална интеракција е одразен во постоењето на квалитетна интеракција помеѓу детето и компетентното и квалификувано возрасно лице.



Во поучувањето во природна средина, како наставна средина се прифаќа природната средина во која детето интензивно поминува време и која е најзначајна за него. Ова може да биде, на пример, местото каде што детето е меѓу другите деца кои немаат посебни потреби или во сопствениот дом. Дури и ако има повеќе структури и рутини на некои локации за учење (на пр. во дневниот центар), други локации исто така може да се користат како места за учење.

Можеме да забележиме дека денес поучувањето во природна средина е составен дел на многу програми за поддршка на децата со различни видови на попреченост (одложен јазик и говор, аутистичен спектар на нарушувања, интелектуална попреченост итн.) во различни области на учество (мобилност, комуникација или учење) (Boulware et al., 2006; Grisham-Brown et al., 2009; Grisham-Brown et al., 2000; Odom, 2000; Rakap and Parlak-Rakap, 2011). Иако поучувањето во природната средина као концепт генерално се користи кај деца од предучилишна возраст, студиите покажуваат дека вградувањето на наставата во активности е корисна и за други возрасни групи (Chiara, Schuster and Bell ve Wolery, 1995; Daugherty and Grisham-Brown ve Hemmeter, 2001; Grisham-Brown, Pretti-Frontczak, and Hawkins ve Winchell, 2009; Grisham-Brown et al., 2006; Horn et al., 2000; Johnson and Rahn ve Bricker, 2004; Macy ve Bricker, 2007; Malmskog ve Mcdonnell, 1999; Pretti-Frontczak ve Bricker).

**Поучувањето во природна средина треба да се интегрира во секојдневниот живот на децата со или без посебни потреби. Стратегијата има за цел да обезбеди децата со и без попреченост да бидат поддржани и образувани заедно и дека концептот е вкотвен во секојдневниот живот на децата. Родителите, стручните лица од областа на раната интервенција, како и наставниците и воспитувачите во градинките и училиштата можат да имаат корист од материјалите создадени во рамките на проектот во кои се претставени различни стратегии и техники на поучување во природна средина, а се дадени и практични примери.**

# Карактеристики на поучувањето во природна средина

Постојат четири основни карактеристики на поучувањето во природна средина.

За наставниот процес да биде успешен и ефективен, важно е овие четири основни карактеристики да се рефлектираат во практиките во наставниот процес во природната средина на децата.



# Карактеристики на поучувањето во природна средина

1. Следење на водството и интересот на детето

2. Користење на рутини, активности и транзиции како наставна средина

3. Активностите, предметите или играчките кои се во природна и смисловна врска со околината и однесувањето се природни зајакнувачи

4. Генерализација: проширување на стратегии во различни области (различни средини, во различни ситуации и со различни лица)

# 1. Следење на водството и интересот на детето

Една од најважните карактеристики на процесот на поучување во природната средина е тоа што во наставата треба да се води сметка за интересот и мотивацијата на детето.

Студиите спроведени на оваа тема покажуваат дека наставниот процес кој е претставен во директна врска со ситуации или активности за кои децата се заинтересирани или за кои се високо мотивирани дава успешни резултати (Koegel and Koegel, 1944; Pretti-Frontczak and Bricker; 2004). За да можат ефективно да се постигнат целите поставени за детето, многу е важно интересот и љубопитноста, односно индивидуалните развојни чекори на детето внимателно да се набљудуваат и детето соодветно да се поттикнува.



1 Внимателно набљудување на интересите на детето

2 Поддршка на релевантните вештини на детето со следење на неговото водство

Ова се двете главни точки. Тие се од големо значење за создавање на успешен наставен процес и за ефективно постигнување на целите поставени пред детето.

Всушност, основата на процесот на наставата во природна средина е да се следат интересот и водството на детето и да се одговори соодветно.

## Процес на поучување во природна средина

Лидија е наставничка која внимателно ги следи интересите и развојот на нејзините ученици со цел да ги подобри процесите на учење. Таа секогаш внимателно ги следи своите ученици и успева да ги претвори овие моменти во можности за поучување. Таа се труди да ги поддржи учениците што е можно подобро, а, исто така, може да користи и алатки за да го опише учеството на децата (види: www.icf-inclusion.net).



# 2. Користење на рутини, активности и транзиции помеѓу полињата за учење како наставна средина

Многу работи, како што се негата на телото, готвењето храна, чистењето на домот се цврсто вгнездени во нашето секојдневие, така што претежно станауваат рутина

Но, што точно овде претставуваат концептите рутина, активност и транзиција?

## Што е рутина?

Рутината вклучува активности кои се од витално значење, во кои треба да учествуваме во текот на денот и кои се повторуваат секој ден. Учеството во овие активности често е задолжително и е природен дел од животот. Активностите како што се јадење, вршење на тоалета, чистење, одење и враќање од училиште, облекување се примери за рутините што ги правиме во текот на денот.

## Процес на поучување во природна средина

Како што знаеме, во предучилишните образовни институции, секоја група има свои рутини, како што се пристигнување и заминување, хранење, тоалет и чистење. Покрај тоа, секоја рутина има свои рутински чекори. На пример, додека времето за хранење е секојдневна рутина, тоа вклучува рутини како што се делење чинии, чаши, лажици и вилушки, полнење вода во чаши итн. Или, пак, додека пристигнувањето во градинка е секојдневна рутина, оваа рутина има свои рутински чекори, како што се подготовка на ранчето, облекување фустанче, односно панталони, јакна и чевли. Овие дневни рутини и чекорите во самите рутини можат да се разликуваат во зависност од детето, семејството и воспитно-образовната институција.

И други активности освен академските/социјалните активности во дневниот план можат да се сметаат за рутински. На пример, прославата на родендени, исто така, може да биде вклучена во рутините.





## Што е активност?

Активностите се настани кои се случуваат во предучилишните воспитно-образовни установи и се спроведуваат во одредени временски интервали во согласност со дневниот план.

Како примери за активности во предучилишните образовни установи можат да се наведат активности како јазик, музика, уметност, математика или игри.

Во пракса, активностите споменати погоре можат да бидат испланирани на различни начини - како индивидуални активности, активности во мали групи или активности во големи групи. Освен тоа, активностите може да се спроведат како структурирани, полуструктурирани или неструктурирани практики. Додека структурирани активности се активностите во кои наставникот има доминантна улога и одвивањето на активностите и нивните правила се однапред одредени, полуструктурираните активности имаат помала насока и поголема флексибилност на наставникот за внесување на промени во овие активности. Кај неструктурираните активности постои слободен избор на ученикот, а наставникот може да делумно да дава или воопшто да не дава насоки.

Академските активности како што се јазичните активности, подготовките за пишување и математичките активности се генерално водени од наставникот, односно се структурирани. Активностите поврзани со музиката, уметноста, општеството и природата се полуструктурирани, а слободната игра може да се планира во вид на неструктурирани активности.





## Процес на поучување во природна средина

Сите различни активности кои се случуваат во текот на денот, без разлика дали се структурирани, полуструктурирани или неструктурирани, нудат многу можности за наставниот процес во природна средина. На пример, во активностите на слободна игра, децата можат самостојно да ги избираат своите игри во согласност со нивните интереси и љубопитност, а целите што треба да ги постигнат децата можат да се вградат во овие активности на природен начин. Активностите поврзани со науката и природата, кои им нудат на децата можност за учење преку обиди и грешки со спроведените експерименти, а во кои каде ученикот е поактивен, можат да се искористат како моменти за поучување во природна средина. Освен тоа, наместо да игра доминантна улога во академските активности како што се подготовка за описменување и математика, наставникот може да создаде природни и смисловни можности за поучување на децата следејќи ги интересите и водството на децата. Создавањето на овие можности бара од воспитувачите да размислуваат креативно и природното учење да го направат филозофија, односно да го интернализираат.



## Процес на поучување во природна средина

Во предучилишниот период, играта е една од најважните природни активности за децата, која нуди многу можности за учење и зајакнување на овие научени вештини во секојдневните активности, бидејќи децата самостојно ги избираат активностите за игра според сопствените интереси и љубопитности. Затоа, овие активности за децата претставуваат природни и смисловни средини.



Поентата која треба да се нагласи овде е дека треба да се создадат средини кои ќе овозможат „ефективно и трајно учење" за детето во природниот образовен процес. За ова, сите природни моменти што се случуваат во постоечката природна средина можат да се искористат за учење, а понекогаш може да биде неопходно да се организира и конфигурира околината со користење на стратегии за регулирање на средината за да се постигнат целите поставени за детето. Во овој контекст, процесот на настава во природна околина не значи дека возрасните го следат интересот и водството на детето и прават сѐ што ќе им падне на памет во тој момент. Процесот на поучување во природна средина е систематско планирање за тоа кои вештини ќе му се дадат на детето за време на рутините, активностите и моменти на транзиција (од една кон друга активност или место) кои природно се случуваат во текот на денот и како детето ќе ги постигне овие цели (со кои средински аранжмани, односно уредувања, кои наставни стратегии и техники). Иако средината понекогаш е делумно структурирана, односно уредена, важно е дека овој процес треба да изгледа многу природно за детето.

## Да објасниме со пример...

Наставникот Јован сака да го поддржи развојот на својот ученик Петар кој има ограничувања во искажувањето на своите желби и вештините на барање. Во таа насока, наставникот седнува до својот ученик за време оброкот и додека им дава вода на сите ученици ја уредува околината ставајќи ја водата на место каде што Петар не може да ја дофати, со цел да треба да ја побара. Наставникот Јован претставува модел за неговиот ученик да посегне по водата со рака и да ја побара водата кажувајќи го зборот „вода" во секоја прилика. Во својот дневен план, наставникот ги вклучува таквите уредувања на средината и техниките (поттикнување) и ги евидентира реакциите на неговиот ученик (точен одговор, погрешен одговор, без одговор).



## Процес на поучување во природна средина

Наставниците, односно стручните лица не е пожелно да бидат само неми набљудувачи на активностите на игра на учениците, туку треба да даваат насоки, односно да учествуваат во игрите на нивните ученици во „улога на олеснувач или водич".



## Процес на поучување во природна средина

Најважната и најефективната личност во трансформирањето на играта во учење или зајакнувањето на научените вештини во улога на водич е наставникот. Наставникот може да влијае на дизајнот на играта со едноставни предлози, на пример, во игра со животни од фарма може да ги охрабри децата да се играат заедно, на пример велејќи „Ајде да ги нахраниме и вашите животни“.



## Што е транзиција?

Во текот на денот се случуваат бројни транзиции кои се природен дел од денот. Ваквите транзиции се многу природни и ефективни моменти за поучување.

Транзицијата во овој контекст може да се дефинира како процес на преминување од една рутина во друга или од една активност во друга. На пример, процесите како што се доаѓањето на училиште, а потоа одењето во училница, одење од активност во слободно време на појадок и одење од појадок на уметничка активност се преодни моменти.

Сликата подолу покажува пример на предучилишна група. Се прикажува дневен план кој покажува кои транзиции може да се случат помеѓу различните понуди. Процесот од доаѓање на училиште и пресоблекување (на пример, облекување топлинки) до моментот на одење на час, процес од слободна активност (на пример, слободна игра) до премин кон појадок или премин на јазични активности по појадокот се преодни моменти кои можете да ги претворите во можности за учење на децата.

| | | | |
|---|---|---|---|
| * Пристигнување, чистење и слободни активности | 08.30 – 09.45 | * Пристигнување, чистење и слободни активности | 12.45 – 14.45 |
| * Собирање и чистење | 09.45 – 10.00 | * Собирање и чистење | 14.45 – 15.00 |
| * Појадок | 10.00 – 10.15 | * Оброк | 15.00 – 15.15 |
| * Собирање и чистење | 10.15 – 10.30 | * Собирање и чистење | 15.15 – 15.30 |
| * Јазични активности | 10.30 – 11.00 | * Јазични активности | 15.30 – 16.00 |
| * Игра | 11.00 – 11.30 | * Игра | 16.00 – 16.30 |
| * Музички активности | 11.30 – 11.45 | * Музички активности | 16.30 – 16.45 |
| * Подготовка за писменост | 11.45 – 12.15 | * Подготовка за писменост | 16.45 – 17.15 |
| * Подготовка на домашна раб. | 12.15 – 12.30 | * Подготовка на домашна раб. | 17.15 – 17.30 |

Процес на поучување во природна средина

Кога преодните моменти помеѓу завршувањето на една активност и почетокот на друга активност не се добро испланирани и следени, тоа може негативно да влијае на наставниот процес, да создаде конфузија кај учениците и да доведе до појава на несакани однесувања.

Поради тоа, многу е важно добро да се планираат и следат преодните моменти. Добро планираните и следени транзиции можат да играат улога во намалувањето на проблематичното однесување на учениците.



## Значи, зошто рутината, активностите и транзициите се важни?

Рутините, активностите и транзициите во секојдневниот живот на детето и во природната средина (домот, градинката, училиштето итн.) се најприродните периоди за создавање на можности за учење.

Користењето на рутините, активностите и транзициите во секојдневниот живот на детето како ефективна средина за поучување е една од важните карактеристики на процесот на поучување во природна средина. Времето на интеракција која се случува во моментот на секојдневната рутина, активностите и транзициите нуди повторливи можности за поучување на децата на нови вештини и зајакнување на стекнатите вештини. Овие можности за настава се состојат од рутини кои се повторуваат речиси секој ден, и во текот на денот и во текот на времето поминато дома/во градинка.

Процесот на поучување во природна средина обезбедува можности за наставниците кои работат во предучилишно образование ефективно да ги користат рутините, активностите и транзициите за настава.

## Рутините, активностите и транзициите кои понекогаш ги занемаруваме...

Активностите кои промовираат учење се многу важни за децата со попреченост. Децата кои се развиле на начин кој е типичен за нивната возраст обично можат самостојно да учат преку ситуации кои се погодни за учење.

Ситуацијата може да биде различна за децата со попреченост: тие можеби не можат секогаш да ги следат активностите што се јавуваат за време на рутините, секојдневните активности и транзициите и затоа им треба поголема поддршка.

Во овие моменти, важно е возрасните да препознаат важни чекори што треба да ги преземат и, доколку е потребно, да интервенираат за да ги поддржат.

# 3. Активности, предмети или играчки како природни зајакнувачи

Во наставниот процес во природна средина, активностите, предметите или пак самите играчки се сметаат за зајакнувачи. Затоа, зајакнувањето на однесувањето на детето треба да биде природен дел од неговата природна средина, односно рутините, активностите и транзициите.

Резултатите од одредено дејство, како што се на пример, добивањето вода за детето кое покажало дека сака вода, добивањето на играчката за детето кое покажало дека ја сака играчката, добивањето можност да ја избере играта, играчката или храната кое ќе ја сподели со другарчето, претставуваат природни зајакнувачи, бидејќи во овие интеракции резултатите се директно поврзани со нивното однесување или постапки.








## Процес на поучување во природна средина

Активностите, предметите или играчките за кои децата се заинтересирани и се обидуваат да ги стекнат или дофатат во текот на интеракциите во нивниот секојдневен живот се всушност најефективните засилувачи за нив. Овие зајакнувачи ја зголемуваат мотивацијата на децата и претставуваат поддршка во учењето. На пример, за едно дете кое сака да си игра со играчка брод и ја изразува својата желба велејќи „игра“, досегнувањето до бродот е многу поефикасно зајакнување за него отколку да му се каже „браво, рече игра“.



## Да објасниме со друг пример...

Учителката Светле се грижи за Маја, девојче со потешкотии во однос на нејзиното учество во комуникацијата. Така, учителката ја става водата подалеку од дофатот на Маја, за да Маја мора да ја побара кога ќе биде жедна.

Кога Маја ќе погледне во водата, учителката ја прашува „Сакаш ли вода?“ и чека Маја да каже „вода“. Кога девојчето ќе ги исполни очекувањата, учителката Светле ѝ ја подава водата.



Во овој пример, „водата“ му беше дадена на детето како одговор на неговата реакција и претставува природен зајакнувач.

# 4. Генерализација: поучување во различни средини, различни ситуации и со различни лица

Генерализацијата всушност значи пренесување, односно применување на стекнатите вештини или однесувања во различни средини, во различни ситуации (на пример, во различни периоди од денот, во различни контексти и активности) и со различни личности.

На децата со попреченост понекогаш им е тешко да ги пренесат новонаучените вештини во нови ситуации или да ги користат со непознати луѓе. Процесот на поучување во природна средина им овозможува на едукаторите да ги поддржат своите ученици со попреченост во многу различни средини и ситуации, односно да создадат широк спектар на можности за проширување на наученото во други области (планирање за реализација на генерализација).

## Да погледнеме еден пример...

Наставникот Сашо во својата група (одделение) има ученик кој комуницира користејќи реченици од само еден збор. Со цел ученикот да го зголеми своето учество во комуникацијата и својот вокабулар, наставникот Сашо избра одредени зборови и ги користи интензивно во секоја пригода за време на секојдневната рутина, транзициите и активностите. На пример, „отворено“ е еден од тие зборови. Неговиот ученик сега може соодветно да го користи овој научен збор во различни ситуации и со различни луѓе.



# Поучување во природна средина: 3-те прашални збора

Процесот на поучување во природна средина не е ограничен на само една развојна фаза на детето и не значи и случаен наставен процес. Додека можностите за учење кои се јавуваат во природниот процес се користат за наставни цели во поучувањето во природна средина, неопходно е рутините, активностите и транзициите систематски да се планираат и користат како можности за поучување. Процесот на планирање на наставата во природна средина може да се објасни со 3 прашања:



# 1. ШТО

Прво што го бараме во процесот е одговорот на прашањето ШТО да се поучува. Одговорот на ова прашање се наставните цели утврдени за детето и вклучени во Индивидуалниот образовен план (ИОП).

При определувањето на целите, многу е важно да се изнесат функционални образовни цели кои се реални, односно, кои се утврдени во согласност со потребите на детето. Ако детето, на пример, држи молив во тупаница како дел од неговото учество во мобилноста, обично е нереално веднаш да се цели детето да сече со ножици. Тоа вообичаено бара средни чекори. Покрај тоа, наставните цели поставени за детето треба да се генерализираат и да бидат мерливи.

## Карактеристики на наставните цели

01 **ФУНКЦИОНАЛНИ: Тоа значи дека вештината одредена за детето во целната реченица е вештина која го зголемува учеството на детето во секојдневните рутини, активности и транзиции, ја поддржува независноста, која е неопходна за извршување на секојдневната рутина, активностите и транзициите и интеракцијата со врсниците.**

02 **ГЕНЕРАЛИЗИРАЧКИ: Тоа значи дека вештината во целната реченица е изразена на начин што може да се користи во различни дневни рутини, активности и транзиции, со различни луѓе и со различни алатки.**

03 **МЕРЛИВИ: Што треба да прави ученикот, во кои ситуации, на кое ниво? Изјавата за целта што одговара на прашањето покажува дека целта е мерливо изразена. Мерлива изјава за цел вклучува показатели за стекнување на вештина или однесување.**

## Една добро напишана реченица со цели ги опфаќа овие аспекти...



## Да објасниме со примери...

Али е ученик чие учество во мобилност (ракување со предмети) треба да се поддржи. Али ја изведува вештината на користење ножици со целосна физичка помош на друго лице, а неговиот учител има за цел Али самостојно да ја изведе оваа вештина. Во таа насока, целите за учество кои можат да се напишат за Али, а врз основа на постепено намалување на помошта од друго лице, можат да бидат следни:

**01** Али сече различни материјали (на пр. хартија, јаже, итн.) со целосна физичка поддршка од наставникот за време на различни активности (ликовно и други активности) кои се одвиваат во училницата во три од четирите обиди, четири дена по ред.

**02** Али сече различни материјали (на пр. хартија, јаже итн.) со делумна физички поддршка од наставникот за време на различни активности (ликовно и други активности) кои се одвиваат во училницата во три од четирите обиди, четири дена по ред.).

**03** Али самостојно сече различни материјали (на пр. хартија, конец итн.) за време на различни активности (ликовно и други активности) кои се одвиваат во училницата во три од четирите обиди, четири дена по ред.

## 2. Каде?

Во вториот чекор е одговорот што го бараме на прашањето КАДЕ ќе се постигнат целите поставени за ученикот или каде ќе се учат. Како што споменавме претходно, има безброј можности за поучување во текот на денот во различни средни и во рутините, активностите и транзициите што се случуваат во овие средини. Да видиме уште еднаш кои можат да бидат овие рутини, активности и транзиции:

**РУТИНИ**

Облекување-соблекување
Исхрана
Чистење
Тоалета

**АКТИВНОСТИ**

Слободна игра
Ликовни активности
Музички активности
Јазични активности

**ТРАНЗИЦИИ**

Пристигнување во/заминување од градинка/на училиште Собирање играчки или опрема, Транзиции помеѓу активностите Качување и симнување од превозно средство

## Да се навратиме на примерот...

Наставникот реши да ја развие вештината на Али за сечење со ножици за време на слободна игра, хранење и ликовни активности. Во оваа насока, наставникот дизајнира игра на сечење/шиење облека за куклите во контекст на слободна игра. За време на оброкот, наставникот носи хартиени чинии и бара Али да ги пресече овие чинии на половина и да им ги подели на своите другарчиња. За време на ликовна работилница, наставникот планира изработка на колажи со различни материјали каде Али може да исече и да залепи исечкана хартија.



# 3. КАКО?

Одговорите на прашањето КАКО се во насока на уредувањето на околината, односно просторот, и наставните стратегии и техники за поучување во природна средина на детето кои стручното лице (на пр. наставникот) ќе ги користи. Објаснувањата и примерите на овие уредувања, стратегии и техники се детално разработени во брошурата со наслов „Уредување на околината, наставни стратегии и техники“. Во продолжение е даден мал преглед на уредувањата, стратегијата и техниките.

## Уредување на околината

-Направете ги лесните решенија потешки
-Понудете нешто во органичен обем/Дел по дел
-Оставете ги задачите некомплетни
-Создадете изненадувања / неочекувани ситуации (АХА искуства)

## Стратегија и техники

-Да се биде модел
-Бидете модел без да очекувате повратен одговор
-Понудете избор
-Моделирање со екстензии
-Моделирање со барање на вербален одговор
-Поставување на вистинските прашања
-Временско одложување
-Индиции (физички, модел, вербални, невербални)

# План за поучување во природна средина (ПППС)

Потребно е да се систематизира начинот на постигнување на целите поставени за ученикот, а тоа ќе го направиме во рамките на планот што ќе го наречеме План за поучување во природна средина. Овој план е насочен кон постигнувањето на целите во ИОП развиен за детето.

Станува збор за план кој резимира кои цели се одредени за ученикот (што?), во кои средини (каде?) и со кои стратегии и техники (како?) ќе се постигнат целите и ги става истите во систематска рамка. На тој начин, наставникот може да работи заедно со родителите за подобро да обезбеди разбирливост, планирање и имплементација.

## Да го пополниме планот за детето Али од нашиот пример...

| Име на ученикот: Али | | Датум: |
|---|---|---|
| ШТО? | КАДЕ? | КАКО? |
| 1. Сечење на различни материјали | 1. Слободна игра<br>2. Активност за хранење<br>3. Ликовна активност | 1. Целосна физичка подршка<br>2. Делумна физичка поддршка |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Boulware, G. L., Schwartz, I. S., Sandall, S. R., & McBride, B. J. (2006). Project DATA for Toddlers: An inclusive approach to very young children with autism spectrum disorder. *Topics in Early Childhood Special Education*, 26(2), 94-105.

Chiara, L., Schuster, J. W., Bell, J. K., & Wolery. M. (1995). Small-group massed-trial and individually-distributed-trial instruction with preschoolers. *Journal of Early Intervention*, 19(3), 203-217.

Daugherty, S., Grisham-Brown, J., & Hemmeter, M. L. (2001). The effects of embedded skill instruction on the acquisition of target and non target skills in preschoolers with developmental delays. *Topics in Early Childhood Special Education*, 21(4), 213-221.

Grisham-Brown J., Pretti-Frontczak, K., Hawkins, S. R., & Winchell, B. N. (2009). Addressing early learning standards for all children within blended preschool classrooms. *Topics in Early Childhood Special Education*, 29(3), 131-142.

Grisham-Brown, J., Schuster, J. W., Hemmeter, M. L., & Collin. B. C. (2000). Using an embedding strategy to teach preschoolers with significant disabilities. *Journal of Behavioral Education*, 10, 139-162.

Horn, E., Lieber, J., Li, S., Sandall, S., & Schwartz, I. (2000). Supporting young children's IEP goals in inclusive settings through embedded learning opportunities. *Topics in Early Childhood Special Education*, 20(4), 208-223.

Johnson, J., Rahn, N. L., & Bricker, D. (2004). *An activity-based approach to early intervention*. Baltimore: Paul Brooks Pub.

Koegel, R. L., & Koegel, L. K. (2006). *Pivotal response treatments for autism*. Baltimore, MD: Paul H Brookes Publishing.

Macy, M. G., & Bricker, D. D. (2007). Embedding individualized social goals into routine activities in inclusive early childhood classrooms. *Early Child Development and Care*, 177(2), 107-120.

Malmskog, S., & McDonnell, A. P. (1999). Teacher-mediated facilitation of engagement by children with developmental delays in inclusive preschools. *Topics in Early Childhood Special Education*, 19(4), 203-216.

Odom, S. L. (2000). Preschool inclusion: What we know and where we go from here. *Topics in Early Childhood SpecialEducation,* 20(1), 20-27.

Pretti-Frontczak, K., & Bricker, D. (2001). Use of the embedding strategy during daily activities by early childhood education and early childhood special education teachers. Infant–Toddler Intervention, 11(2), 111-128.

Rakap, S., & Parlak-Rakap, A. (2011). Effectiveness of embedded instruction in early childhood special education: A literature review. *European Early Childhood Education Research Journal,* 19(1), 79-96.

# БЕЛЕШКИ

Project Naturalistic Teaching

www.naturalisticteaching.com